СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Коалиција на младински организации СЕГА
Ул. Цар Самоил бр. 18, 7500 Прилеп
Тел/факс. +389 48 429 390
www.sega.org.mk sega@sega.org.mk

Коалиција на младински организации
СЕГА
Бр. 03-02/154
01-06 2022 год.
Прилеп

До:
Г-дин Димитар Ковачевски
Претседател на Влада на Република Северна Македонија

**Предмет: Реакција на Коалиција на младински организации СЕГА по планот за реорганизација на органите на државната управа во однос на Агенцијата за млади и спорт**

Почитуван Г-дине Ковачевски,

Коалицијата на младински организации СЕГА, како национална чадор организација која во моментот обединува 24 младински организации и организации кои работат со млади, работи на развој на политики за млади на национално и локално ниво во стратешко партнерство со Агенцијата за млади и спорт од 2004 година.

Согласно информацијата за реорганизација на органите на државната управа, и усвоениот Интегриран извештај за државна реорганизација (23 седница на Владата на Република Северна Македонија, од 08.03.2022 година, 150 точка на дневен ред) и Записникот од Советот за Јавна Администрација (9 седница, од 13.07.2021 год., страна 5), прифатено е Агенцијата за млади и спорт биде под Министерството за односи помеѓу заедниците.

Оттука, јасен е ставот и намерата на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт, како единствен орган кој е надлежен за младинското организирање и младинските политики, од досегашниот статус на самостоен орган да премине на пониско ниво во состав на Министерство за односи меѓу заедниците.

Додека земјите од регионот, кандидати, аспиранти за членство и членки во ЕУ (Албанија[1], Србија[2], Косово[3], Црна Гора[4], Бугарија[5]) ги третираат младинските прашања како подеднакво важни со останатите владини ресори, давајќи им третман преку посебно Министерство, во Република Северна Македонија се одлучува Агенцијата за млади и спорт да премине во Министерство за односи помеѓу заедниците во чиј ресор секогаш ќе бидат приоритетни прашања кои се однесуваат на односите помеѓу заедниците наспроти младинските прашања.

---

[1] Министерство за благосостојба на младите и децата, Република Албанија
[2] Министерство за млади и спорт, Република Србија
[3] Министерство за култура, млади и спорт, Република Косово
[4] Министерство за спорт и млади, Република Црна Гора
[5] Министерство за млади и спорт, Република Бугарија

Коалицијата на младински организации СЕГА е крајно загрижена дека ваквата одлука дополнително ќе ги уназади напорите за напредок во областа на младите, младинското организирање и младинските политики. Како Национална чадор организација, цврсто стоиме на ставот дека делокругот на работа на сегашната Агенција за млади и спорт треба да се прошири и во иднина истата да премине во Министерство кое во својот основен ресор ќе ги вклучува младите, со што Владата ќе покаже дека реално и суштински се грижи за потребите на младите, младинските организации и организациите за млади. Впрочем, Владата се обврзува на ова согласно Националната Стратегија за млади (Тематска Област: Младинско Учество).

**Го охрабруваме процесот на реорганизација на државната управа, но сепак сметаме дека Владата на Република Северна Македонија треба да ја преиспита својата одлука за реорганизација на Агенцијата за млади и спорт и нејзино интегрирање при Министерството за односи помеѓу заедниците. Наспроти тоа, Коалиција СЕГА смета дека овој процес е одлична можност за унапредување на функционирањето на Владата преку формирање на посебно Министерство за млади и спорт кое сериозно ќе придонесе кон враќање на довербата на младите во институциите и намалување на миграцијата на младите како еден од најголемите предизвици во нашето општество.**

Очекуваме дека Владата на Република Северна Македонија ќе ги уважи барањата на младите и граѓанскиот младински сектор и ќе ги направи сите потребни напори за да ги подигне своите институционални капацитети за ефективна примена на политиките за млади.

Со почит,

Зоран Илиески
Извршен Директор
Коалиција на младински организации СЕГА

Коалиција на младински организации · СЕГА · Прилеп ·